Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-91/5
12.07.2021 год
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-91 од 22.03.2019 поднесена од [redacted] од Скопје против Деканот на Факултетот за музичка уметност за сторена дискриминација во областа на работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 12.07.2021 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз ниту една дискриминаторска основа во област на работните односи од страна на Деканот на Факултетот за музичка уметност врз [redacted] од Скопје.

## Образложение

На 22.03.2019 до Комисијата за заштита од дискриминација е доставена претставка за сторена дискриминација во областа на работните односи од страна на [redacted] од Скопје против Деканот на Факултетот за музичка уметност. Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон, односно истите ќе бидат преземени и завршени од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во претставката подносителката не ја наведува дискриминаторската основа, меѓутоа наведува дека врз неа е извршена директна дискриминација во областа на работните односи од страна на Деканот на Факултетот за музичка уметност.

Имено, подносителката аплицирала на конкурс за избор во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: Естетокка на музиката, објавен во дневните весници Вечер и Коха на 28.06.2018 година. Постапката за избор по конкурсот требала да трае 6 месеци од објавувањето на конкурсот во јавните гласила, согласно Законот за високо образование. Согласно тврдењата на подносителката рецензентската комисија која била формирана од страна на наставно-научниот и уметнички совет на факултетот не изготвила и не објавила реферат за избор на наставник по предметниот оглас во законскиот рок и не ја известила за епилогот за реализација на конкурсот на кој таа била едиснтвена кандидатка. Подносителката смета дека тенденциозното водење и одолговлекување на постапката било со единствена цел да истечат законските рокови за избор на наставник по предметниот оглас и носење на одлука за запирање на конкурсот, без притоа да биде изготвен реферат за оценка на кандидатот.

Комисијата за заштита од дискриминација сметала дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителот веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 28.03.2019 Комисијата согласно доставила барање за произнесување по наводите од претставката до Деканот на Факултетот за музичка уметност.

На 08.04.2019 в.д. Деканот на Факултетот за музичка уметност доставил поднесок за произнесување по наводите од претставката. Во поднесокот в.д. Деканот тврди дека целокупната постапка во врска со конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: Естетика и музика (60903) објавен на 28.06.2018 е спроведена според постоечката законска регулатива, односно Законот за високо образование и во ниту еден момент не се загрозени правата на подносителката, односно подносителката не е дискриминирана по ниту еден основ. Согласно наводите од поднесокот за произнесување на потенцијалниот дискриминатор, истекот на предвидениот рок за реализација на споменатиот конкурс се должи на:

- поништување на Одлуката за формирање на рецензиона комисија од 10.07.2018 заради неправилности при формирањето на рецензионата комисија, со што е постапено по решението на Државниот просветен инспекторат ИП1 бр. 09-1355 од 20.07.2018 и

- приговор на подносителката [redacted] на одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност на втората рецезензиона комисија, доставен до Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност бр. 04-852/1 од 01.11.2018, кој не е усвоен од ННСУ на ФМУ на седница одржана на 14.12.2018.

По разгледувањето на наводите од претставката, доказите кон претставката, поднесокот за произнесување на потенцијалниот дискриминатор и важечката законска регулатива, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го заклучи следново:

Факултетот за музичка уметност врз основа на Одлука бр. 02-484/1 од 27.06.2018 донесена од страна на Наставно-научниот и уметнички совет на факултетот, а согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти докторанди на УКИМ, како и согласно Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за музичка уметност Скопје, објавува конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: Естетика на музика (60903). Конкурсот е објавен на 28.06.2018 во дневните весници Вечер и Коха.

По формирањето на првата рецензентска комисија од страна на Наставно-научниот и уметнички совет на факултетот, иницирана е постапка пред Државниот просветен инспекторат од страна на вработени во факултетот, во однос на составот на рецензентската комисија. Инспекторатот констатира неправилности и со Решение Ип1 бр. 09-1355 од 20.07.2018 наложува отстранување на констатираните неправилности при формирање на рецензентската комисија.

Деканот на Факултетот за музичка уметност постапувајќи по цитираното решение носи одлука бр. 02-530/1 од 30.07.2018 за поништување на Одлуката за формирање на рецензентска комисија бр. 02-508/1 од 10.07.2018.

Во периодот од 06.08.2018 до 10.08.2018 доаѓа до промена на Деканот на Факултетот за музичка уметност, така што дотогашниот Декан [redacted] поднесува неотповиклива оставка, а на негово место за в.д. Декан се поставува м-р [redacted]. В.д. Деканот свикува седница на Наставно-научниот и уметнички совет на факултетот на 10.10.2018. Бидејќи рокот за избор по конкурс за избор на еден наставник во сите наставно научни звања во научната област Естетика во музиката (60903), 10та точка на дневниот ред на седницата е ставена точката: Избот на членови на рецензиона комисија за изготвување на реферат за избор на наставник во сите научно наставни звања во наставно научната област Естетика на музика. По усвојувањето на дневниот ред седницата на Наставно-научниот и уметнички совет е прекината поради намалувањето на бројот на присутни и немање кворум. Седницата продолжува на 31.10.2018 и на истата е донесена Одлука бр. 02-856/1 од 01.11.2018 за формирање рецензиона комисија за изготвување на реферат за избор на наставник во сите научно наставни звања во наставно научната област Естетика на музика.

На оваа одлука подносителката [redacted] поднесува приговор до Наставно-научниот и уметнички совет. По поднесениот приговор со одлука бр. 02-1027/1 од 18.12.2018 на Наставно-научниот и уметнички совет приговорот на подносителката не се усвојува.

Поради одлучување по приговорот на подносителката од страна на Наставно-научниот и уметнички совет, документацијата за пријавените кандидати по цитираниот конкурс до членовите на рецензионата комисија биле доставени на 19.12.2018 година.

В.д. Деканот на Факултетот за музичка уметност на 13.03.2019 година носи Одлука бр. 02/210/1 за запирање на постапката за избор на еден наставник во сите наставно научни звања во научната област Естетика во музиката (60903), заради истек на законскиот рок, а нов конкурс ќе биде распишан по создавање на услови за распишување на нов конкурс.

На 29.03.2019 до Државниот просветен инспекторат доставено е известување од страна на Претседателот на рецензионата комисија за реферат за избор на еден наставник во сите наставно научни звања во научната област Естетика во музиката (60903). Во истото се наведува дека поднесувањето на рефератот од страна на рецензентската комисија е беспредметно заради тоа што е истеен шестмесечниот рок од објавувањето на конкурсот.

Од горенаведеното произлегува дека рецензентската комисија ја добила целокупната документација од пријавените кандидати за именуваниот конкурс на 19.12.2018 и согласно чл. 173, ст. 8 од Законот за високо образование имала рок од три месеци од денот на доставувањеро на документацијата да поднесе реферат во писмена форма. Пред истекот на овој рок, истекол рокор за важноста на согласноста за нови вработувања на Факултетот за музичка уметност издадена преку Министерството за образование и наука од страна на Министерството за финансии, како и рокот за завшрување на отпочнатата постапка по конкурсот објавен на 28.06.2018, согласно чл. 172, ст. 2 од Законот за високо образование.

Имајќи го ова предвид Комисијата за спречување и заштита од дискримианција ценеше дека постапката во врска со конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област Естетика на музика е спроведена согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, научни,

наставно-стручни и соработнички звања и асистенти докторанди на УКИМ, како и согласно Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за музичка уметност Скопје. Од овие причини Комисијата ценеше дека во конкретниот случај нема повреда на правото на еднаквост, односно дека подносителката [redacted] не била дискриминирана по ниту еден основ од страна на в.д. Деканот на Факултетот за музичка уметност во областа на работните односи.

Скопје
12.07.2021

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:

- Декан на Факултет за музичка уметност
  ул. Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје
- [redacted]